| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Што имам јас |
| **Содржина на денот** | Огледалото се смее |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Стекнување културно хигиенски-навики |
| **Активности** | Игра – Шега не е, огледалото се смее<br>Возрасниот го поттикнува детето на игра со изрази на лицето. Најпрво возрасниот започнува да прави неколку изрази на лицето, мимики, гестови. Детето ги забележува и се обидува да ги повтори на истиот начин како возрасниот. Во играта му се поставува прашања на детето што има на лицето,му помага да погоди односно да каже: очи, уста, нос. Потоа играта продолжува пред огледало во домот најпрво возрасниите се опишуваат, поточно кажуваат што имаат на лицето. Детето за цело тоа време внимателно ги следи и се обидува да ја повтори играта пред огледалото. Потоа тоа  самостојно кажува и покажува во огледалото што има на лицето: очи, уста, нос. На крај сите застануваат пред огледалото прават неколку мимики и гестови и се смеет гледајќи си ги ликот во огледалото. |